**Врз основа на член 4 од Одлуката за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за студентите чие родителско право го врши само еден родител и критериумите за остварување на ова право за учебната 2025/2026 година (бр. 02-1092/11 од 16.9.2025г.), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ објавува**

# ИНТЕРЕН ОГЛАС

**за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител, кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2025/2026 година на Медицинскиот факултет во Скопје**

1. Со овој Конкурс се врши избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител **кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2025/2026 година**

2. Право на учество на Огласот има секој студент кој запишал зимски семестра на прв циклус на студии во учебната 2025/2026 година, а кој има само еден родител со родителско право (во натамошниот текст – апликант), односно има:
   - само еден родител запишан во изводот од матичната книга на родените, или;
   - починат родител, или
   - родител кој го загубил родителското право.

3. Апликантите, **најдоцна до 14.10.2025** треба да достават пријава **на e-mail: prodekan.nastava@medf.ukim.edu.mk**

   Во пријавата треба да се наведе:
   - за бруцошите: вкупен број на поени според кои, согласно Конкурсот, студентот се запишал во прва година на студии
   - за студентите од повисоките години: просечен успех од положените испити

   Со пријавата апликантите, во pdf – формат, ги доставуваат и следниве документи:
   - потврди за остварена плата на вработените членови на семејството за последната исплатена плата,
   - за корисници на социјална помош се доставува последно решение/потврда од центарот за социјални работи,
   - за пензионираните членови на семејството се доставува документ за висина на пензија
   - пресуда од надлежен суд со утврдена законска издршка за кандидат и истата се смета како месечен приход
   - за родител на кој му е одземено родителското право - решение од надлежен суд и/или
   - за починат родител - извод од матичната книга на умрените.

4. Во постапката за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител се прави евалуација и проверка на веродостојноста на поднесената документација од сите пријавени кандидати. Комисијата самостојно ги пресметува поените и креира ранг - листа за секоја студиска програма и за секоја студиска година поодделно.
   Ранг – листата ќе биде објавена на интернет страницата на Медицински факултет најдоцна до **20.10.2025** година.

5. Апликантите имаат право на приговор по објавените ранг - листи најдоцна до **28.10.2025** година. Комисијата ќе ги разгледа и ќе одговори на приговорите во рок од 5 работни дена. Доколку се утврди дека некој апликант поднел документација која не е веродостојна, истиот се симнува од ранг-листата. Прворангираните кандидати од секоја листа ја сочинуваат Конечната ранг-листата на добитници на погодноста за намалување на уписнината за единицата.

6. Конечната ранг-листа Комисијата ја објавува **најдоцна до 8.11.2025 година**.

Медицински факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“